ОКТА АД – СКОПЈЕ
Бр.0202- 963/4
26.02.2015
Скопје

Врз основа на член 46 став 2 точка 16 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, , Одборот на директори на својот 144-ти состанок одржан на 26.02.2015 година ја донесе следната

**Предлог – ОДЛУКА**
**За неспроведување на одлуката бр.0202-3365/3 од 01.08.2013 за назначување на овластен ревизор за ревизија по член 460-в од Законот за трговските друштва**

Член 1

Одборот на директори на неговиот 127-ми состанок одржан на ден 01.07.2013 година согласно Барањето на акционерот ДПТУ Пуцко Петрол ДОО кој поседува повеќе од 10% акции во компанијата, за назначување овластен ревизор за ревизија по член 460-в од Законот за трговските друштва донесе предлог одлука **бр.0202-2871/3** со која му предлага на Собранието на акционерите на друштвото да назначи овластен ревизор за спроведување на ревизија согласно одредбите од Законот за трговските друштва.

По разгледувањето на Спогодбата за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмети помеѓу ОКТА и ДПТУ Пуцко Петрол ДОО заведена со архивски број во ОКТА 01-5894 од 18.12.2014 и кај Пуцко број 03-1302 од 18.12.2014 година, Одборот на директори одлучи да му предложи на Генералното Годишно Собрание на Акционерите на ОКТА да донесе одлука со која одлуката број **бр.0202-3365/3 од 01.08.2013 за** назначување овластен ревизор за ревизија по член 460-в од Законот за трговските друштва, ќе ја стави вон сила и истата нема да се спроведува.

Член 2

Оваа предлог-Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Претседател,
Николаос Скандалис

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво